***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 09-515/9***
***Скопје, 11.11.2005 година***

**До: Сојузот на слепите на РМ**

**Од: Помошник главен државен ревизор,**

**Предмет: Вршење на ревизија на успешност на средствата од Програмата Фаре - Брај чиј корисник е Сојузот на слепите на РМ**

Ова известување претставува наш Конечен извештај за извршената ревизија на успешност.

До раководството на Сојузот на слепите на РМ (во понатамошниот текст ССЛ), Државниот завод за ревизија на Република Македонија издаде Претходен извештај на Овластениот Државен Ревизор. Согласно законски дадената можност, раководството на Сојузот на слепите на РМ до Државниот завод за ревизија достави забелешки во пишана форма под бр. 09 - 515/6 на Претходниот извештај. На 02.09.2005 година во просториите на Сојузот на слепите на РМ беше одржана и завршна средба во врска со разгледување и дополнителни објаснувања по основ на доставените забелешки од ССЛ до Државниот завод за ревизија. На оваа средба се разгледаа наодите од Претходниот извештај, се дадоа објаснувања и дополнителна документација поврзана со наодите и се заседоа ставови за наодите содржани во овој конечен извештај. Раководството на Сојузот на слепите на РМ поднесе потпишана писмена изјава за намерите и роковите за спроведување на тие намери по дадените препораки за секој наод поединечно. Забелешките на раководството по Претходниот извештај се разгледани од ревизорите и се вклучени во Конечниот извештај.

Основните препораки дадени во Претходниот извештај во смисла на пропишување и воведување на соодветен систем на интерни контроли во севкупното работење на ССЛ, водење на ажурна книговодствена и архивска евиденција и раздвојувањето на должностите помеѓу функциите и лицата во ССЛ останува како општа препорака за раководството и телата во ССЛ кои имаат обврска согласно тековните законски прописи во РМ на тој начин и да ја обавуваат својата функција.

Во продолжение, поединечно за секоја препорака дадена во Претходниот извештај, наведени се ставовите на раководството за намерите во однос на препораките од Претходниот извештај дадени со писмена изјава бр. 03 - 500 од 02.09.2005 година до Државниот завод за ревизија.

Во однос на ревизорските наоди од 1 до 11, препораките во целост се прифаќаат.

За наод бр. 1, препораката 1 се прифаќа во целост и ќе биде спроведена;

За наод бр. 2, препораката бр. 2 се прифаќа во целост со следните намери:

“Одлуката за проценка и новата пронајдена документација/фактури ќе оди на преиспитување на извршен и надзорен одбор со рок 30 септември 2005 година, бидејќи фактурите се најдени. Книговодствената вредност на опремата ќе се процени и воведе во книговодствената евиденција до 31 декември 2005 година“.

За наод бр. 3, препораката бр. 3 се прифаќа во целост со следните намери:

“Во иднина ќе се воспостават писмени процедури при достава на примероците до корисниците. Оние примероци кои фалат ќе се отпечатат и ќе се архивираат во рок до 31 декември 2005 година. Ако препораката порано се имплементира, за тоа ќе бидете писмено известени“.

За наод бр. 4, препораката бр. 4 се прифаќа со следните намери:

“Ќе ги обезбедиме извештаите кои недостасуваат до 31 декември 2005 година и ќе изготвиме пишани процедури и правилници“.

За наод бр. 5, препораката целосно се прифаќа. Приложени се дополнителни документи: копија од фактура за изнајмено возило за службено патување и копија од документ за подигнати 10,000 ДЕМ во готовина од ФСФ (превод на македонски јазик), доставени до ДЗР на 07.09.2005 година. Наодот бр. 5 останува во Конечниот извештај .

За наод бр. 6, препораката 6 е во целост спроведена. Сметката на проектот е затворена на ден 19.07.2005 година. Наодот бр. 6 останува во Конечниот извештај.

За наод бр. 7, препораката бр 7 се прифаќа во целост со намера:

“имаме намера препораката 7 да ја спроведеме до 31 декември 2005 година и документацијата ќе ви биде доставена на увид“.

За наод бр. 8, препораката 8 ќе биде сапроведена кај идни проекти.

За наод бр. 9 и 10, препораката 9 ќе биде спроведена заедно со препораката зад наодот бр. 4.

За наод бр.11 дадената препорака бр. 10 се прифаќа со следните намери: “препораката за во идни проекти во целост се прифаќа“

Согласно Законот за државната ревизија член 27 став 4 и 5 на Конечниот извештај за извршената ревизија, законскиот застапник на Сојузот на слепите на РМ може да поднесе приговор во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на овој Конечен извештај.

Истовремено, Ви благодариме за соработката од ваша страна кон нашата екипа во текот на ревизијата.

Приговорот можете да го доставите на следната адреса:

Државен завод за ревизија
Палата Македонија
“Маршал Тито“ 12/3
Скопје

**Тања Тасевска**

**Скопје, 07.11.2005 година** **Овластен државен ревизор**